# Мониторинг на медиумите – Анализа на медиумските содржини поврзани со добро владеење

Февруари 2019

ActionSEE

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржините во оваа публикација се единствена одговорност на партнерите од проектот „ACTION SEE“ и на ниеден начин не ги изразуваат ставовите на Европската Унија.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.774:061.2]:351(497.7)"2018/19"(047.31)

МОНИТОРИНГ на медиумите [Електронски извор] : анализа на медиумските содржини поврзани со добро владеење. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2019

Начин на пристап (URL): https://www.metamorphosis.org.mk. - Текст во PDF Формат, содржи 16 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 16.05.2019. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-263-007-6

а) Медиуми - Граѓански сектор - Добро владеење - Македонија - 2018-2019
- Истражувања
COBISS.MK-ID 110382346

## ЗА ИЗДАВАЧИТЕ:

**Метаморфозис, Фондација за интернет и општество**

Мисијата на Метаморфозис е да придонесе за развој на демократијата и подобрување на квалитетот на живеење преку иновативна примена и ширење на знаењето. Наши главни вредности се отвореност, еднаквост и слобода.

**АДРЕСА:** ул.Апостол Гусларот 40,
1000 Скопје, Северна Македонија

**ТЕЛ:** +389 2 3109 325
**ВЕБ:** www.metamorphosis.org.mk
**E-MAIL:** contact@metamorphosis.org.mk

**АВТОР:** Метамофозис, Фондација за Интернет и Општество

**УРЕДНИК:** Метаморфозис, Фондација за Интернет и Општество

ИЗДАВАЧ

ActionSEE

## ACTION SEE

ACTION SEE (Одговорност, Технологија и Мрежа на Институционална Отвореност во Југоисточна Европа) е мрежа на граѓански организации кои заеднички работат на промовирање и обезбедување на отчетност и транспарентност на владите во Југоисточна Европа, зголемувајќи го потенцијалот за граѓански активизам и граѓанско учество, промовирање и заштита на човековите права и слободи на Интернет, и градење на капацитетите и интересот во граѓанскиот сектор и индивидуите од регионот во користење на технологии за промовирање на демократијата.

Основните членови на мрежата се Фондација за интернет и општество Метаморфозис од Северна Македонија, Центар за демократска транзиција од Црна Гора, Центар за истражување, транспарентност и отчетност од Србија, и Граѓанска асоцијација Зошто не од Босна и Херцеговина.

ACTION SEE работи со партнери од Албанија, МЈАФТ и од Косово, Open Data Kosovo (ODK), како и партнери од други земји во Европа и во светот.

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржините во оваа публикација се единствена одговорност на партнерите од проектот „ACTION SEE“ и на ниеден начин не ги изразуваат ставовите на Европската Унија.

## КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ:

**Метаморфозис, Фондација за Интернет и Општество**
Северна Македонија
www.metamorphosis.org.mk

## ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ:

**Вестминстер Фондација за Демократија**
Велика Британија
www.wfd.org

**ЦРТА - Центар за Истражувања, Транспарентност и Отчетност**
Србија
www.crta.rs

**Граѓанска Асоцијација Зошто Не?**
Босна и Херцеговина
www.zastone.ba

**Центар за демократска транзиција**
Црна Гора
www.cdtmn.org

**Опен Дата Косово (ОДК)**
Косово
www.opendatakosovo.org

**Левизја Мјафт!**
Албанија
www.mjaft.org

ПАРТНЕРИ

05
ВОВЕД

06
МЕТОДОЛОГИЈА

08
СОСТОЈБАТА СО МЕДИУМИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО И УЛОГАТА НА РАЗНИ ИНИЦИЈАТИВИ И АКТИВНОСТИ ОД ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

08
ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА – АКТИВИЗАМ ЗА БОРБА ПРОТИВ ГОЛЕМИТЕ ЗАГАДУВАЧИ

11
ЗДРАВСТВО – ОПАСНОСТА ПО ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ ОД НЕЕФИКАСНИ АМБУЛАНТНИ ВОЗИЛА И НЕДОСТАТОКОТ НА МЕДИЦИНСКИ КАДАР

13
ТРОШЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРИ - ЈАВНИТЕ ФУНКЦИИ И ЈАВНИТЕ ПАРИ

15
ЗАКЛУЧОК
И ПРЕПОРАКИ

# Анализа на медиумски содржини поврзани со добро владеење

# СОДРЖИНА

СОДРЖИНА

# ВОВЕД

Целта на оваа анализа е да даде осврт за тоа како известуваат медиумите за темите на добро владеење, транспарентност, отчетност и какви граѓански иницијативи и активности се преземени, односно проектни теми кои се разработени. Анализата има цел да детектира какви промени предизвикале медиумите со објавување и третирање на тие теми и тоа на ниво на политики, законски измени или организација на јавни дебати со цел да се предизвикаат измени, дополнувања во легислативна смисла или да се променат одредени состојби преку граѓански активизам.

На тој начин придонесуваме кон констатацијата дека **медиумите играат клучна улога во развојот на реформските процеси, како и состојбите кои се однесуваат на темите на добро владеење во државата и во регионот**. Медиумите преку своите објави придонесуваат секојдневно кон промени во водењето на политиките на национално и локално ниво, како што е случајот со примерите кои се обработени подолу во оваа анализа: почиста животна средина, здравство и трошење на јавни пари.

Имајќи на ум дека исти вакви анализи како документ се подготвени и во партнерските држави на проектот ACTION SEE, заклучните согледби од овој тип имаат референца и за регионалните состојби во медиумите.



# МЕТОДОЛОГИЈА

Оваа анализа опфаќа медиумски содржини (од online и печатените медиуми) објавени во периодот мај 2018 – јануари 2019 година.

Доброто владеење е дефинирано преку принципите и индикаторите, кои веќе се користеа преку проектот ACTION SEE развиени како Регионален индекс на отвореност, како и преку клучни зборови и дефиниции за принципите на транспарентност, отвореност, отчетност во доброто владеење, одговорност и добро владеење, ефективност и ефикасност, користени за оваа анализа:

**Транспарентност**

Транспарентноста е изградена врз слободниот проток на информации. Процесите, институциите и информациите се директно достапни за оние кои се засегнати со нив и се обезбедуваат доволно информации за да се разберат и да се следат преку учеството во иницијативи за отворена администрација. Се претполага дека јавноста редовно се информира за сите активности на институциите, Владата, агенциите, судовите, како и за трошењето на јавните пари, се објавуваат редовно информации за јавни набавки и анекси на договори за јавни набавки.

**Отвореност**

Ефективно и ефикасно се користи правото на пристап до информации од јавен карактер, граѓаните може слободно да пристапат и да бидат дел од јавната консултација како процес на инклузија и отвореност на институцијата.

### Отчетност во доброто владеење

Институциите и процесите се обидуваат да им служат на сите засегнати страни. Информациите достапни за јавноста се објавени на начин што секој граѓанин може да пристапи до нив, отвореност на податоци кои се од интерес за јавноста, како и редовна објава на извештаите за работењето на институциите.

### Одговорност

Интегритетот е дел од доброто владеење видено како добро однесување во рамки на работната средина со примена на Кодекси за Етика и професионализација на државните службеници, контрола на квалитет при работење и добро управување со институцијата. Превенцијата од судир на интереси е дел од интегритетот на секој службеник/ функционер.

### Владеење на правото

Правните рамки треба да бидат фер и спроведувани непристрасно.

### Добро управување

Според западните политички теоретичари, „доброто управување" претставува споделување на овластувањето за донесување одлуки, така што моќта и ресурсите нема да бидат акумулирани во рацете на поединец или група.

Во јавниот сектор, доброто управување се базира на систем на проверки и баланси меѓу различните гранки на власта (законодавната, извршната, судската). Се смета дека тоа вклучува и процес на редовна консултација меѓу владините органи и општата јавност, така што властите одговараат пред граѓаните за нивната доверба и гарантираат дека им служат на нивните интереси.



### Ефективност и ефикасност

Процесите и институциите произведуваат резултати кои ги задоволуваат потребите и го прават најдоброто искористување на ресурсите.

# Состојбата со медиумите во општеството и улогата на разни иницијативи и активности од граѓанскиот сектор

Медиумите играат клучна улога во промените и поддршката на реформските процеси во општеството. Истите поттикнуваат прашања во јавноста, но потребно е и да отвораат нови теми кои се од јавен интерес и тоа на локално и на национално ниво. Неколку такви иницијативи кои беа поддржани и од медиумите и од граѓанските организации имаа успех во подигнување на свеста кај граѓаните и на институционално ниво за промена на состојбите.

## ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА – активизам за борба против големите загадувачи

Загадувањето на животната средина се почесто се наоѓаше во фокусот на медиумите и на граѓанските активисти, особено актуелна тема во зимскиот период кога загадувањето на воздухот е највисоко. Во зимскиот период, притисокот за отчетност на институциите расте, а со тоа растат и ветувањата за воведување на „зелените политики“.
Неколку иницијативи го одбележаа периодот мај 2018 – јануари 2019 година, загадувањето на воздухот, откривањето на дивата депонија на линдан во Скопје и борбата против отворањето на рудниците Иловица и Казандол.

## Загадување на воздухот

Дел од медиумите кои активно ја истражуваат состојбата со загадувањето на воздухот, темата ја отворија уште на самиот почеток на грејната сезона во 2018 година. Мета.мк со откривањето на неправилното или целосното нефункционирање на мерните станици ја започна медиумската борба против загадениот воздух[1]. Дополнително, како резултат на граѓански активизам беа поставени нови, независни мерачи на загаденоста[2], па така здружено со медиумите, активистите направија притисок да се изврши сервис на мерните станици, но и да се развие предлог Планот за чист воздух[3] од страна на Владата и мерки за негово реализирање. Своевидно признание на медиумската поддршка во борбата против загадувањето на воздухот е и одлуката на Фондот за иновации и технолошки развој кој промовираше пет иновативни проекти, со цел намалување на загадувањето на воздухот[4].

1. https://tinyurl.com/yxjkhmjg
2. https://tinyurl.com/y6dwb2nq
3. https://tinyurl.com/yyqvf48s
4. https://tinyurl.com/y6x8g9se



## Дива депонија на линдан во Скопје

Мета.мк откри постоење на дива депонија на канцероген линдан во населбата Драчево во Скопје[5]. По објавувањето на веста, голем број на медиуми се заинтересираа за оваа тема и почнаа да ја истражуваат. Притисокот кој медиумите го извршија предизвика и реакции кај надлежните институции па така беа отворени повеќе прашања како што се акредитацијата на Централната лабораторија за животна средина[6] во состав на Министерството за животна средина, оградувањето на дивата депонија[7] и забраната од Министерството за образование за посета на областа Пеленица од страна на учениците при реализирање на екскурзиски посети.[8] Како резултат на медиумските активности, најавено беше и отпочнување на тендерска процедура за чистење на дивата депонија.

## Иловица и Казандол – потенцијална закана за животната средина

Иловица и Казандол се теми кои покажаа како граѓанскиот активизам и соработката со медиумите може да доведе до будење на властите. Медиумите на национално ниво ја покриваа темата за овие два рудници и заканата до кои тие би довеле доколку се отворат. Темата „Иловица“ и рудниците беше широко покриена во текот на 2018 година.

5. https://tinyurl.com/y27zak5j
6. https://tinyurl.com/yy3f5e74
7. https://tinyurl.com/y4yr9u28
8. https://tinyurl.com/y3xglm5e

Мета.мк ја следеше сторијата уште со референдумскиот процес во 2017 година и сите последователни активности, како и изјави и мерки од Владата.[9] Мета.мк ги следеше сите аспекти на Иловица (како на пример мислењата на граѓаните[10] и еко активистите[11]). На тој начин изврши непосредно влијание и кон другите медиуми да ја отвораат оваа тема и здружено да ги потсетат властите дека е потребно итно решение. Од друга страна, од голема важност беше и здружувањето на невладините организации, жителите против отворање на рудникот Казандол во Валандово. Континуираното следење на темата, како и на Работната група за Казандол (група на граѓански активисти), придонесе кон поголем притисок кон Владата и мерките кои треба да се преземат. Големата читаност на овие теми резултираше со поголема свесност во јавноста за јавното добро, како и интерес за претходните теми. Па така темите од добро управување во рамки на институции, во медиумска смисла всушност се насочија кон добро управување со јавното добро во државата.

9. https://tinyurl.com/y3cqk8vd

10. https://tinyurl.com/y2t8659m

11. https://tinyurl.com/yxuwfaag

## ЗДРАВСТВО – Опасноста по животот на граѓаните од неефикасни амбулантни возила и недостатокот на медицински кадар

Итната помош треба да го промени името во „Итна помош со стари возила“ – наслов кој ги пробуди властите и ја подигна свеста за амбулантните возила и недостатокот од кадар во Итната помош.



Третирање на темата од здравство и јавни услуги, известување за бројот на возилата за Итна помош во државата, како и човечките ресурси, го потегнаа прашањето за овој проблем на локално и национално ниво.

Новинарските истражувања, репортажи и интервјуа придонесоа на поголема видливост и актуелизирање на посочените проблеми на тема здравство.

## Амбулантните возила, нивната техничка неисправност и недостатокот на кадар во Итната медицинска помош

Прикажувањето на реалната ситуација на тема амбулантни возила предизвика голем број на реакции од граѓаните на социјалните медиуми. Граѓаните бараа одговорност од премиерот Зоран Заев за неговата изјава за време на кампањата за парламентарните избори во 2017 година во која тој ветуваше дека ќе набави нови амбулантни возила за итната медицинска помош. Ваквите реакции на медиумите и граѓаните ја испровицираа Владата да излезе со соодветна изјава на оваа тема. Министерството за здравство започна тендерска постапка со која набави 12 нови амбулантни возила за Итната помош и шест од нив беа дистрибуирани во Скопје.[12] Порталб.мк претходно изработи анализа за амбулантните возила на национално ниво и продолжи да бара објаснување за стандардите врз основа на кои Владата донесе одлука поголем дел од новите возила да бидат распределени во Скопје. Министерството за здравство се повика на критериумот дека „за 50 илјади жители треба да има едно амбулантно возило“ според Светската здравствена организација (СЗО), но документот од каде е изваден тој стандард никогаш не беше објавен.

12. https://tinyurl.com/y34aqbxr

Како резултат на овој притисок, другите 6 возила за Итна медицинска помош уште не се распределени. Медиумите и нивните анализи ја покренаа потребата и за пропорционална распределба на бројот на амбулантни возила соодветно по градови. Се́ почна со разгледување на состојбите во здравството, како и отворање на прашањето за јавно приватно партнерство. Паралелно со отворањето на темата за амбулантните возила, медиумите ја отворија и темата за недостатокот на кадар во Итната помош што резултираше со пет нови вработувања во Итната помош[13].

## ТРОШЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРИ – јавните функции и јавните пари

На темата трошење на јавните пари во фокусот на медиумското известување беа потребата од информирање за трошењето од страна на носителите на јавните функции и потребите за реформирање на системот за вршење на јавните набавки.
Неколку граѓански организации со своите активности за мониторинг на трошењата и јавните набавки придонесоа за поголема видливост и на овие прашања. Постојаната соработка со медиумите ја поттикна Владата да преземе иницијатива за отворање на податоците за трошењето на јавните пари за што беше објавено и соопштение на Порталот на Владата.[14]
Медиумите изразија силна заинтересираност за трошењата на извршната власт, така што оваа тема се продолжи да се истражува секојдневно. Најголемо внимание и фокус сепак предизвика алатката за отчетност која ја ажурираше и Владата на својата веб страна.

13. https://tinyurl.com/y64o8x34

14. https://tinyurl.com/y6gbc8tv



Истата алатка - *Алатката за отчетност за трошоците на носителите на јавни функции* што ја применува Владата веќе извесен период, во медиумите излезе вест дека би можела наскоро да се применува и од страна на Единиците на локалната самоуправа. Па така, истата беше претставена и на локално ниво како добра пракса и заложба за отчетност.[15]

Со одлука на Владата на 17.04.2018 година беше проширен опсегот на функционерите и именуваните раководни органи што треба да покажат отчетност пред јавноста и кои најдоцна до 20.06.2018 година на своите веб-страници требаше да ги објават податоците за нивните службени трошоци за периодот од 01.12.2014 до 31.05.2015 година и за периодот од 01.12.2017 до 31.05.2018 година. Со одлуката беа задолжени директорите,замениците на директорите на самостојните органи на државната управа, на органите во состав на министерствата и на Инспекцискиот совет.[16]

Најголем интерес кај медиумите предизвика сепак присуството на ММФ и ревизијата на трошењето на јавните пари. Претставници на ММФ (Меѓународниот монетарен фонд) детално ја скенираа транспарентноста во трошењето на народните пари од страна на јавните институции и функционери. Со став дека граѓаните имаат право да знаат како и каде се трошат нивните средства, монетарците мисијата ја почнаа од Буџетскиот совет. Ова беше пренесено од страна на медиумите во поголем обем и видливост.[17]

15. https://tinyurl.com/y4rzfzp6

16. https://tinyurl.com/yxw9fjqc

17. https://tinyurl.com/y5c8pz94

# Заклучок и Препораки

Медиумите заедно со граѓанските организации играат клучна улога во подигање на јавната свест за темите на добро управување, како и предизвикување промени во состојбите во повеќе сектори. Примерите се само дел од она што го постигнаа граѓанските организации со цел подобрување, како во легислативна, така и во практична смисла.

Медиумите треба да продолжат во насока на третирање на што поголем број на теми  поврзани со добро владеење и транспарентност, преку истражувачки активности. Исто така, медиумите треба да бидат свесни за нивната улога како мост помеѓу јавноста и институциите. Тие имаат начини како да ги истакнат проблемите со кои се соочуваат граѓаните. Од друга страна, ја подигнуваат јавната свест за граѓанските права што дополнително провоцира реакција и предизвикува притисок врз институциите.
Имајќи го тоа предвид, застапувачките активности на граѓанските организации за добро владеење многу често постигнуваат ефект кога ги имаат медиумите како партнери. Преку таквите партнерства, експертизата која ја имаат граѓанските организации ефективно се пренесува во јавноста, поттикнува граѓански акции и ги буди институциите.

Овој проект е финансиран од
Европската Унија

Проектот Одговорност, Технологија и Мрежа на Институционална Отвореност во Југоисточна Европа - ACTION SEE е спроведуван од Фондација Метаморфозис, Вестминстер фондација за демократија, Центар за истражување, транспарентност и отчетност – CRTA, Граѓанска асоцијација Why not?, Центар за демократска транзиција - CDT, Open Data Kosovo (ODK), и Levizja Mjaft!